Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен инспекторат за животна средина
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Бр. - Nr 29-410/2
15.04.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот инспекторат за животна средина, донесе

**РЕШЕНИЕ**

По Барањата за пристап до информации од јавен карактер поднесени од барателот на информацијата О2 Иницијатива, преку полномошник на барателот Татјана Чакулев, ул. , Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање, а препратено до ДИЖС, заведени во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.29-409/1 и 410/1 од 03.04.2025 година, **се дава делумен пристап до бараната информација.**

***Образложение***

До Државниот инспекторат за животна средина од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање доставени се Барања за пристап до информации од јавен карактер кои се доставени претходно до министерството од страна на О2 Иницијатива, преку полномошник на барателот Татјана Чакулев, ул. , Скопје. По разгледување на истите утврдено е дека се бара информација во врска со податоци од Државниот Инспекторат за животна средина за санкции за правни субјекти: БУЛМАК 2016, ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Тораница, Крива Паланка, Подружница Рудник Злетово, потоа Рудник САСА ДООЕЛ, Македонска Каменица и ДПТУ БУЧИМ ДОО Радовиш и ДПТУ Рудник Боров Дол, Радовиш при што се дава делумен пристап до бараните информации, во согласност со член 6 став (1) точка 4, односно поради започната предистражна постапка во надлежно јавно обвинителство и прекршочна постапка-постапка за спогодување пред Комисија за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање единствено за предметот БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Рудник Тораница Крива Паланка не се дава пристап до јавни информации од слободен карактер.

**Правна поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.29-409/2 и 410/2 од 14.04.2025 година.**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер:
Дарко Блинков

Директор
м-р Ивана Гиновска



Државен инспекторат за животна средина
Република Северна Македонија

Палата "Емануел Чучков
"Ул. „Бихаќка" бр. 2, кат 5, Скопје,
Република Северна Македонија

+389 70 266 698
www.dei.gov.mk